*Горан ЗЕНДЕЛОВСКИ*

**УДК: 341.232.1**

# АНАЛИЗА НА МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА НИЗ ПРИЗМА НА 52. МИНХЕНСКА БЕЗБЕДНОСНА КОНФЕРЕНЦИЈА

***Кратка содржина***

*Направена е сеопфатна анализа на Минхенската конференција за безбедност на која учествуваа со дискусии високи претставници на држави и меѓународни организации. Како лидерски форум во меѓународната заедница, се обидува да понуди практични решенија и иницијативи за решавање на проблемите во меѓународните односи со посебен акцент на безбедносните предизвици и опасности на XXI век. На 52. Минхенска безбедносна конференција главни теми беа дискусиите за проблемите околу кризата на европскиот безбедносен поредок, војната во Сирија, глобалните активности на терористичките групи, бегалската криза и безбедносните импликации од глобалните климатски промени и болестите. Исто така, на Конференцијата за безбедност беа понудени различни идеи за справување со новите предизвици, ризици и опасности, како и помош за државите од кризните региони.*

***Клучни зборови**: МИНХЕНСКА БЕЗБЕДНОСНА КОНФЕРЕНЦИЈА, МЕЃУНАРОДНИ АКТЕРИ, КРИЗНИ РЕГИОНИ, БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ.*

## Вовед

Минхенската безбедносна конференција претставува уникатен форум за дискусии и размена на ставови од областа на меѓународната безбедносна и мировна политика. На почетокот на XXI век, со појавата на глобалните предизвици и опасности, Конференцијата направи крупни чекори за состојбата за иднината на меѓународната безбедносна архитектура. За својата традиција истата може да погледне наназад за повеќе од пет декади. Во 1963 година германскиот публицист *Евалд - Хајнрих фон Клајст* го обележи почетокот на Минхенската конференција, на која во наредниот 50 годишен период високи претставници (претседатели, министри, претставници на вооружените сили, членови на парламенти, експерти и др.) од различни држави се фокусираат на дискусиите за надворешно-политичките и безбедносните прашања.

Секоја година се среќаваат околу 350 високи претставници на држави и меѓународни организации од целиот свет кои дебатираат за актуелните и идните безбедносни предизвици и предлагаат решенија за проблемите кои ги засегаат државите и колективните системи за безбедност и одбрана.

а) Следејќи ги хронолошките текови на Конференцијата може да се констатира дека 52. Минхенска безбедносна конференција е една од позначајните од нејзиното постоење, а тоа се должи на бројните турбулентни настани кои се слу-

чија во изминатата година. Претседавачот на Конференцијата, *Волфганг Ишингер*, истакна дека „меѓународниот поредок можеби е во најлошиот облик од крајот на Студената војна. Оние кои се обидуваат да го одржат мирот се преоптеретени и често беспомошни пред бесконечната криза. Светските лидери ќе се обидат на Минхенската безбедносна конференција да го зацртаат патот преку некоја мошне опасна територија“ (Ischinger, 2016). Според *Ишингер*, ризикот од дезинтеграција на меѓународниот и регионалниот поредок е зголемен од почетокот на 2015 година. Поради тоа, повеќето учесници на Конференцијата имаат песимистички ставови околу развојот на идните настани. Се очекува светот во 2016 година да навлезе во период на перманентен ризик, и почеток на нова ера во која конфликтите и кризите ќе бидат во пораст.

Во тој контекст најактуелните дебати на конференцијата беа поврзани за темите насловени како „*кризи без граници*” и „*беспомошните чувари*” на светскиот поредок. *Кризите без граници* се однесуваат на оние региони во кои преовладуваат војните и теророт, а кои се главна причина за распад на државите и за масовни миграции кон Европа и светот. Наместо „прстен” на добро управувани земји, европскиот континент е опкружен со „огнен прстен” од земји во распад кои влијаат врз европската и глобалната безбедност. Кризите од Грција до Украина, распадот на државите од Либија до Ирак, како и војната во Сирија се причина за дисфункционалност на ЕУ и останатите меѓународни организации. Актуелната бегалска криза (најголема после Втората светска војна), судирите и конфликтите се речиси без контрола и ограничување. Поради тоа се јавува потребата од создавање на нови граници со кои ќе се обезбеди поредокот и стабилноста на државите и регионите. Од падот на Берлинскиот ѕид повеќе од 40 земји подигнале огради против повеќе од 60 соседни земји, а само во 2015 година се подигнати 15 нови ѕидови (Munich Security Report, 2016:5).

Дебатите за *беспомошните чувари*, се однесуваат на улогите на големите сили, како што се САД, Русија, Кина и Европската унија. Некои од нив (на пр. САД), се споменуваат дека имале помала улога во решавање на конфликтите и кризите, отколку во минатото. Но, речиси сите глобални актери „потфрлиле“ во делот на меѓународната безбедност и стабилност. Европа не успеала да изгради кредибилна заедничка надворешна и безбедносна политика како што е предвидено со Лисабонскиот договор во делот на управување со кризи, а Кина започнала поинтензивно да се вклучува во решавање на глобалните проблеми, но наместо да биде „одговорен актер“, таа се фокусирала кон создавање на паралелни меѓународни институции, кои ќе бидат противтежа на западните либерални институции. Додека, Русија посакува да биде глобален играч со помош на милитаристичките средства (анектирањето на Крим и воената поддршка на Асад во Сирија), но не и преку својата економска моќ која постепено стагнира заради наметнатите санкции од страна на западните земји.

Во меѓувреме тензиите помеѓу најмоќните земји во светот постепено се зголемуваат. Односите помеѓу Иран и Саудиска Арабија, (поради актуелната војна во Јемен), Турција и Русија, како и помеѓу Западот и Русија, се влошени. Ризикот од меѓудржавен конфликт не е елиминиран, и за прв пат после Студената вој-

на постои можност од ескалација помеѓу големите сили. Меѓу другото, на форумот се дискутираше и за моќните недржавни актери како што се Исламска држава, Боко Харам и другите екстремни фракции кои го пополнија вакуум просторот и се главна причина за загрозување на мирот и напредокот во Африка и Блискиот Исток (Munich Security Report, 2016:5-6).

б) Оттука, ќе ги анализираме ставовите на најеминентните учесници на конференцијата, како и Извештајот од Минхенската безбедносна конференција во кој се елаборирани главните настани и прашања поврзани со меѓународната безбедност и мирот. Во Извештајот прикажани се податоци, анализи и мапи кои ја обележуваат актуелната безбедносна состојба во светот, и истиот е подготвен од страна на реномирани партнери, како што се УНХЦР, Меѓународниот Институт за стратегиски студии, Меркатор Институтот и други.

**Меѓународни актери**

Форумот претежно е фокусиран на дискусиите за надворешните безбедносни и политички предизвици и улогата на меѓународните актери на глобалната сцена. На 52. Минхенска конференција за безбедност, поголем дел од учесниците беа загрижени околу односите помеѓу големите сили, со посебен акцент на улогата на Кина, Иран, Русија и на недржавните актери, како што е Исламската држава.

*Кина.* Прераснува во земја градител на новите меѓународни институции кои се противтежа на западните либерални институции. Станува збор за финансиски, економски, трговски и инвестициски институции и организации (на пример, *Asia Infrastructure Investment Bank, BRICS Bank, Silk Road Economy Belt*), кои парираат на западните институции како што се ММФ, Светска банка и Светска трговска организација. Според заменик министерот за надворешни работи на Кина, *Фу Јинг*, Кина не се обидува да создаде паралелен поредок, туку таа е дел од актуелниот меѓународен поредок кој е препознатлив по американските вредности. Иако, Кина и САД имаат заеднички интереси во меѓународните односи, сепак, таа не го поддржува актуелниот поредок предводен од САД, поради честите притисоци врз политички систем на Кина од страна на западните земји (Ying, 2016). Од друга страна, Кина ја поддржува колективната безбедност, но е против свет кој е поделен на воени блокови, затоа се обидува да остане неутрална сила која нема интерес за формален сојуз со Русија, ниту пак има интерес за формирање на антиамерикански или антизападен блок.

Нејзината иницијатива позната како „*Еден појас, еден пат*" е со цел да ја ревитализира старата идеја „*Патот на свилата*", преку надоградување и поврзување на инфраструктура низ цела Евроазија. Во 2015 година Кина се согласила со Русија за поврзување на Евроазиската економска унија со новата иницијатива „*Патот на свилата*", но откако претходно склучиле билатерален договор за снабдување со гас во вредност од 400 милијарди долари (Munich Security Report, 2016: 10).

*Иран.* Минатата година постигнал договор со шесте големи сили Е3 /ЕУ+ 3 (петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН и Германија) за нуклеарната програма. Со потпишувањето на документот под наслов „*Заеднички сеоп-*

*фатен план за акција“* (Joint Comprehensive Plan of Action - JCPOA)[1], Исламската република ставила крај на дванаесет годишната изолираност и започнала нова фаза на соработка со меѓународната заедница (ЕУ и САД), при што сите нуклеарни активности ги ставила под надзор на Меѓународната агенција за атомска енергија во следните 15 години. Со овој договор укинати се економските санкции кон Иран, и му е овозможено да ја зајакнува својата надворешна политика и да биде важен актер во решавање на кризите како што се во Сирија и Јемен (Munich Security Report, 2016:14). Според проекциите на Светска банка, Иран има подобрувања во делот на економијата, се очекува во 2016 година да има пораст од 5.8 % од БДП, додека, во споредба со 2015 година растот изнесувал само 1.9% од БДП (The World Bank, 2016: 4).

*Русија.* Во изминативе години Русија преку надворешната милитаристичка политика се промовираше како водечка суперсила. Во 2014 година таа интервенирала во Украина и го анектирала полуостровот Крим, а денес, активно учествува со бомбардирања на позициите на ИСИС во Сирија. Овие настани придонесоа за влошување на односите помеѓу Западот и Русија. Според Генералниот секретар на НАТО, *Јенс Столтенберг*, Русија го дестабилизирала европскиот безбедносен поредок, а НАТО не посакувал конфронтација или почеток на нова Студена војна (Stoltenberg, 2016). Тој истакна руската интервенција на Украина била причината за робустен одговор од страна на меѓународната заедница, вклучувајќи економски санкции (кои придонесоа за пад на руската економија за 3.8 % од БДП во 2015 година), суспензија од групата Г-8, засилена поддршка на источните партнери на НАТО преку интензивирање на воените вежби и зголемување на военото присуство на САД во Европа. Во тој контекст, државниот секретар на САД, *Џон Кери*, вели: „Фокусот на САД е насочен кон Украина и европската безбедност, а за таа цел Соединетите држави ги зголемиле финансиските средства за потребите на европската безбедност од 790 милиони долари на 3.4 милијарди долари, овозможувајќи им да го задржат своето воено присуство во Централна и Источна Европа“ (Kerry, 2016; National Security Strategy of the USA, 2015).

Но, руските претставници на конференцијата имаа поинакви гледишта на состојбите во светот и односите помеѓу Русија и Западот. Премиерот на Русија, *Дмитри Медведев*, смета дека состојбата во светот е полоша отколку во минатото, затоа што концептот на Голема Европа не се остварил, економскиот пораст е мал, а судирите на Блискиот Исток и Северна Африка повеќе се интензивирале. Додека миграциската криза, граѓанската војна во Украина, и тероризмот ја влошиле состојбата во Европа. Тој посочил дека системот за безбедност има одредени аномалии, и на светот не му е потребна „трета глобална трагедија”, туку повеќе сора-

[1] *Заедничкиот сеопфатен план за акција,* опфаќа: намалување на резервите на збогатен ураниум 10.000 на 300 kg. во следните 15 години; намалување на центрифугите за 2/3 во следните 10 години; Иран да известува за идните планови за изградба на нуклеарни објекти; овозможување на поголем пристап за контрола од страна на инспекторите на ООН, вклучувајќи ги и воените постројќи; мониторинг на ланецот за снабдување со нуклеарен материјал. Извор: Joint Comprehensive Plan of Action, Vienna, 14 July 2015. Достапно на: http://eeas.europa.eu/statements-eeac/docs/iran_agreement/iran_joint-comprehensive-plan-of-action_en.pdf.

ботка, отколку конфронтација. Решенијата ги гледал преку соработката и дијалогот, но, напоменал дека Иницијативите за партнерство истекуваат една по една. Договорот за европска безбедност е во мирување, идејата за формирање на Комитет за надворешна политика и безбедност на Русија и ЕУ не се реализирала, додека политиките на НАТО и САД кон Русија и понатаму се непријателски настроени (Medvedev, 2016).

Министерот за надворешни работи на Руската федерација, Сергеј Лавров, вели: „Нивото на интеракција помеѓу Евроатланските организации и Русија е пониско од периодот на Студената војна". За него не е дозволиво мешање на пропагандата со реалната политика, која штети при решавање на клучните меѓународни прашања. Тој не се согласува со тоа што НАТО и западните земји се прикажани како чувари на меѓународниот систем, бидејќи егоизмот на НАТО е одраз на политичката кратковидност, и прави огромна штета за решавање на вистинските кризи, а не на оние измислените кризи и закани (Lavrov, 2016).

*Исламска држава.* Со распадот на државите, вакуум-просторот го пополнија бројни недржавни актери, меѓу кои е и Исламска држава (ИД). Оваа организација се промовира како прототип на држава (квази држава), која денес контролира поголем дел од териториите на Сирија и Ирак. Нејзиното влијание се протега низ покраини на повеќе држави од Алжир до Кавказ и Авганистан, а својата способност ја покажа во нападите на Париз, Лондон, Бејрут, Синај, Истанбул, Анкара и Брисел (Munich Security Report, 2016:18). Поради тоа, Советот за безбедност при ООН, ја усвоил резолуцијата 2249, според која ИД е прогласена за најдобро финансирана терористичка франшиза во историјата на човештвото, која преставува закана за светскиот мир и безбедност (United Nation Security Council, 2015).

Исламската држава брои од 20.000 до 31.500 борци (Sciutto, Crawford and Carter, 2014), а според одредени преставници таа достигнува и до 200.000 борци (Cockburn, 2014). Приливот на борците во ИСИС е сè уште голем и покрај меѓународните напори за намалување. Се очекува просечната стапка на борците кои се враќаат во западните земји да биде помеѓу 20 и 30 проценти. Според податоците на *групата Соуфан* (The Soufan Group), прилично е голем бројот на борци кои доаѓаат од високоразвиените земји-членки на ЕУ (Франција - 1.700, Германија-760, Обединетото Кралство-760, Белгија-470, Австрија - 300 и Шведска - 300 борци) (The Soufan Group, 2015). Поради терористичките напади на ИСИС, формирана е антитерористичка коалиција, која е сочинета од сите земји членки на ЕУ и НАТО. Оваа коалиција досега извршила повеќе од 10.000 воздушни напади врз позициите на ИД, а некои од земјите (како САД, Франција и др.) учествуваат и со копнени специјални единици кои успеале да повратат 40% од окупираната територија на Ирак и 20% од територијата на Сирија (Kerry, 2016).

## Кризни подрачја

На Конференцијата за безбедност беа нагласени дијалогот, соработката и мерките за зацврстување на довербата помеѓу НАТО, ЕУ, САД и Русија беа нагласени на конференцијата за безбедност. Презентирајќи ги сопствените национални

интереси, одредени претставници на земји и организации ја надминуваа границата на толеранција и навлегуваа во сериозна и остра меѓусебна конфронтација, особено кога станувашe збор за доминација во одредени региони и земји на светот, како што се Источна Европа, Африка и Сирија.

*а) Источна Европа.* Минатата година безбедносната ситуација во Источна Европа изгледала како сценарио за почеток на нова Студена војна помеѓу НАТО и Русија. Воените вежби кои се изведувале на источните граници на Европа, се показател дека постоела реална опасност од ескалација помеѓу вооружените сили на НАТО и Русија. За надминување на напнатоста и инцидентите помеѓу нив, западните лидери решението го гледаат преку ревитализација на Советот НАТО-Русија, додека источните сојузници на Алијансата инсистираат на засилен ангажман на НАТО за евентуална одбрана на Балтичките земји (Stoltenberg, 2016; Munich Security Report, 2016: 24).[2]

Меѓутоа, актуелната ситуација во Европа е поинаква. Одредени земји припаѓаат на НАТО/ЕУ сојузите, а само мал број на земји се наоѓаат во средина помеѓу Западот и Русија. Постои можност од појава на нов вид на железна завеса на границите на НАТО и Русија и кордон од неколку земји помеѓу нив, а кои сеуште се со нерешен безбедносен статус. Таков е примерот со Украина која е „заглавена" во средината помеѓу Западот и Русија.

*б) Африка.* Сликата за африканскиот континент е прикажана во „црно-бело". За периодот од 1990 година до денес, поголем дел од афричките земји имале солидна стапка на економски раст и економски реформи со кои придонеле за намалување на екстремната сиромаштија во Супсахарска Африка за 40%. Економскиот раст од 5-6% годишно придонел Африка да биде „дом" на шест од десетте најбрзо растечки економии во светот. Позитивните економски аспекти влијаеле врз безбедносната состојба и намалувањето на ризикот од вооружен конфликт кој е помал од ризикот од сообраќајна несреќа (Annan, 2016). И покрај позитивните аспекти, афричкиот континент се соочува со сиромаштија, растечка нееднаквост, невработеност, миграции, корупција и вооружени конфликти. Таа сè уште е домаќин на осум од десетте најголеми тековни мировни операции, а бројот на жртвите од терористичките напади (поврзани со Боко Харам) е поголем од било која друга терористичка група во светот за 2015 година (вклучувајќи ја и Исламска држава) (Global Terrorism Insex, 2015; Munich Security Report, 2016: 30). Поранешниот Генерален секретар на ООН, Кофи Анан, проблемот со „Африкастан" го гледа во високиот степен на невработеност на младите луѓе кои поради недостаток на ра-

[2] Спроведена е анкета помеѓу европските лидери за одбрана во 2015 година, а се однесува на прашањето како ќе изгледа пристуството на НАТО во источните земји членки до 2020 година? Одговорите на испитаниците се изразени во проценти (%): а) НАТО ќе има намалено присуство во споредба со денес -10%; б) НАТО ќе биде постојано присутен -11%; в) НАТО ќе биде присутен како што е и денес (статус кво) - 29% и г) НАТО постојано ќе биде присутен, но повеќе засилен отколку што е денес -50%. Извор: Munich Security Conference, results of a live voting among European defense leaders on the occasion of the MSC European Defence Summit, Brussels, 15/16 September 2015.

ботни места се приклучуваат кон насилните вооружени групи. Тој смета дека за „Војната против тероризмот" која се води во Африка, потребен е поинаков пристап кој ќе се базира на сеопфатен развој, владеење на правото и почитување на човековите права, а не само на воениот пристап, кој би бил контрапродуктивен на мирот и безбедноста (Annan, 2016).

*в) Сирија.* Војната во Сирија беше најзастапена тема на Минхенската безбедносна конференција. Според објавените податоци во Извештајот за безбедност, 13.5 милиони луѓе имале потреба од хуманитарна помош, стапката на невработеност се зголемила на 54 %, а од почетокот на војната околу 11 милиони луѓе (од вкупно 22 милиони луѓе) ги напуштиле своите домови, од кои 4 милиони луѓе заминале од земјата (Munich Security Report, 2016:34,36). Со помош на Виенската декларација[3] и резолуцијата 2254 на Советот за безбедност на ООН, големите и регионалните сили се договориле за спроведување на мировниот план за Сирија. Меѓутоа процесот на имплементација е заглавен во „слеп сокак" поради тоа што се вклучени премногу актери кои само ја усложнуваат состојбата во Сирија. Во таканаречената „анти ИСИЛ коалиција" учествуваат околу 65 земји предводени од Западот и другата коалиција, (сочинета од две земји - Русија и Иран), ја предводи Русија за поддршка на режимот на Асад (Obama, 2015).

**Безбедносни предизвици**

Брзите и динамични процеси со себе носат непредвидливи предизвици и ризици по безбедноста на државите. Поради тоа на безбедносната агенда во Минхен не беа изоставени и прашањата поврзани со хуманата, здравствената и климатската безбедност. Според податоците на УНХЦР, после Втората светска војна не се случило толку многу луѓе да бидат присилени да ги напуштат своите домови. Во 2015 година, бројот на бегалци и внатрешно раселени лица го надминал светскиот рекорд од 60 милиони луѓе (во 2011 година имало 42.5 милиони, додека во 2013 година бројот пораснал на 51.2 милиони луѓе) (UNHCR, 2015; Munich Security Report, 2016: 40). Само во Европа, пристигнале повеќе од милион бегалци и мигранти во 2015 година (Munich Security Report, 2016: 40).

---

[3] На состанокот во Виена, на 30 октомври 2015 година, учествувале Кина, Египет, ЕУ, Франција, Германија, Иран, Ирак, Италија, Јордан, Либан, Оман, Катар, Русија, Саудиска Арабија, Турција, ОАЕ, О.Кралство, ООН и САД, кои разговарале за тоа како да се стави крај на насилството во Сирија. И покрај големите разлики на учесниците, сепак дошле до взаемно разбирање за главните прашања како што се: почитување на единството, територијалниот интегритет и секуларниот карактер на Сирија; државните институции да останат непроменети; почитување на правата на Сиријците, без оглед на етничката или верската припадност; обезбедување на хуманитарен пристап на територијата на Сирија, поддршка на внатрешно раселените лица и бегалците; ИСИС и другите терористички групи мора да бидат поразени; спроведување на слободни и фер избори под надзор на ООН и друго. Извор: Final declaration on the results of the Syria Talks in Vienna as agreed by participants, Bruxelles, October 10, 2015. Достапно на: htpp://eeas.europa.eu/statements-eeas/2015/151030_06.htm.

Војните во Сирија, Ирак и Украина, придонесоа за појава на бегалските кризи, и истите прераснаа во есенцијални безбедносни проблеми од поголеми размери. За многумина настаните со бегалците претставуваат најголема хуманитарна криза во Европа во изминатите 70 години (Kepps, 2016). Поради бегалската криза, Европската унија се соочува со закани од тероризам, оживување на национализмот и антиевропските ставови, распад на Шенген- зоната и можна дезинтеграција на Унијата. Но, и земјите во развој[4] носат голем дел од товарот, девет од десет бегалци се наоѓаат во овие земји (Munich Security Report, 2016: 40). На пример, за период од 18 месеци повеќе од милион бегалци од Украина влегле на територијата на Русија (Medvedev, 2016).

Покрај хуманата безбедност, актуелни беа и прашањата за здравствената и климатската безбедност. Пропустите во здравствената безбедност лесно можат да прераснат во проблеми по националната и меѓународната безбедност. Досега бевме сведоци на повеќе такви настани. Во 2009 година пандемијата на свинскиот грип (X1H1) зарази повеќе од 200 милиони луѓе, (помеѓу 151.700 и 575.400 смртни случаи), додека во 2014 година вирусот Ебола предизвика дестабилизација на повеќе области од Западна Африка со повеќе од 11.000 смртни случаи. Овие епидемии имаат огромно влијание врз економијата и претставуваат висок ризик за нестабилните држави и регионите кои се зафатени со бегалски кризи. Последиците од пандемијата на грипот САРС, ја чинеше глобалната економија околу 40 милијарди долари во 2003 година, а вирусот Ебола ги загрози меѓународните мисии на ООН за одржување на мирот и безбедноста во неколку африкански земји (Munich Security Report, 2016: 42-43).

Исто така, и климатските промени се специфичен вид на закана по безбедноста. За повеќе општества претставува есенцијална опасност и мултипликатор за појава на природни катастрофи, масовни миграции и конфликти за ресурси како што се храната, водата и друго. Дури 70 проценти од земјите во светот се загрижени поради климатските промени кои ги квалификуваат како круцијален безбедносен проблем (Munich Security Report, 2016: 44). Во таа насока, одредени учесници на конференцијата ја истакнаа важноста од потпишувањето на Парискиот договор за климатски промени минатата година. Еден од нив беше Заменикот на генералниот секретар на Обединетите нации, кој истакна дека „не постои планета Б, поради тоа спогодбата е триумф за мултилатерализмот, одржливиот развој и безбедноста, и токму оваа спогодба е нашата глобална декларација на меѓузависност“ (Deputy Secretars-General: Statements, 2016).

## Заклучок

Минхенската конференција за безбедност е уникатен форум од голема важност за државите и меѓународните организации. Конференцијата преставува

[4] Меѓу земјите во развој кои имаат прифатено најмногу бегалци се: Турција со 1.84 милиони, Пакистан - 1.54 милиони, Либан -1.17 милиони, Иран -0.98 милиони и Етиопија со 0.70 милиони бегалци. Извор: UNHCR, “Mid-Year Trends 2015,”. Достапно на: htpp://www. unhcr.org/56701б969.html, pp. 16-19.

нов тип на дипломатија, каде што учесниците имаат прилика еднаш во годината да дискутираат за различни области и дисциплини кои се поврзани за состојбите во светот. Таа се користи како платформа за идни промени и критики кон оние актери кои не ги почитуваат меѓународното право и норми. Презентирајќи ги сопствените идеи, ставови, национални и наднационални интереси, претставниците вршат притисок врз своите опоненти, притоа во повеќе случаи дијалогот преминува во форма на закани, а компромисот во ултиматуми. Така изгледаше 52. Конференција за безбедност, место каде што големите и регионалните сили наместо да понудат идеи за соработка, надминување на негативните трендови, и развивање на стабилен меѓународен поредок, тие се натпреваруваа за доминација и подобрување на својата позиција во светот.

Минхенската безбедносна конференција претставува „лекар“ кој истовремено дава дијагнози и рецепти за меѓународната безбедносна политика. Иако, учесниците често пати не се согласуваат со дијагнозите, ниту со „лекот“ на безбедносните предизвици и опасности, сепак, Конференцијата е „термометар“ кој прецизно ја мери температурата на кризните подрачја и дава насоки за решавање на круцијалните глобални проблеми.

**Литература**

Annan, K. "Pax Africana?" Speech at the Munich Security Conference, 14 February, 2016. Retrieved from: http://www.kofiannanfoundation.org/speeches/pax-africana/.

Cockburn, P. (2014, November 16 ) War with Isis: Islamic militants have army of 200, 000, claims senior Kurdish leader. *Independent.* Retrieved from: http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/war-with-isis-islamic-militants-have-army-of-200000-claims-kurdish-leader-9863418.html

Deputy Secretary – General's remarks at the Munich Security Conference , Munich, 13 February, 2016. Retrieved from: http://www.un.org/sg/dsg/statements /index.asp?nid=703.

Final declaration on the results of the Syria Talks in Vienna as agreed by participants, Bruxelles, 10 October, 2015. Retrieved from: http://eeas.europa.eu/statements-eeas/2015 /151030_06.htm.

Froman, M. "Time for Action: T-TIP and Global Leadership", Remarks by Ambassador Michael Froman at the Munich Security Conference, Munich, 12 February, 2016. Retrieved from: https://ustr.gov/about-us/policy-offices/press-office/speech_estranscripts/2016/February/Remarks-Ambassador-Froman-Munich-Security-Conference.

Institute for Economics and Peace, "Global Terrorism Index 2015", http://economicsandpeace.org/wpcontent/uploads/2015/11/2015-Global-Terrorism-Index-Report.pdf.

Ischinger, W. "Boundless Crises, Reckless Spoilers, Helpless Guardians", Monthly Mind, 11 February , 2016. Retrieved from: https://www.securityconference.de/en/discussion/monthly-mind/single-view/article/monthly-mind-february-2016 - boundless-crises-reckless-spoilers-and-helpless-guardians/.

Joint Comprehensive Plan of Action, Vienna, 14 July 2015. Retrieved from : http://eeas.europa.eu/statements-eeas/docs/iran_agreement/iran_joint-comprehensive-plan -of-action_en.pdf.

Kerry J. Speech by Secretary of State at the Munich Security Conference, Munich, 13 February, 2016. Retrieved from:http://www.state.gov/secretary/remarks/2016/02/252486.htm

Lavrov, S. Speech by Foreign Minister Sergey Lavrov at the ministerial panel discussion during the Munich Security Conference, Munich, 13 February, 2016. Retrieved from: http://www.mid.ru/en/foreign_policy/news/-asset_publisher/cKNonkJE 02Bw /content/ id/208 6892 The Ministry of Foreign Affairs of the Russian Federation.

Medvedev, D. Speech by Prime Minister of Russia at the Munich Security Conference, February 2016.Retrieved from: http://government.ru/en/news/21784/.

Munich Security Report 2016, "Boundless Crises, Reckless Spoilers, Helpless Guardians", Munich Security Conference.

Sciutto, J., Crawford, J. and Carter, J.C. (2014, September 12). ISIS can 'muster' between 20,000 and 31,500 fighters, CIA says. *CNN* . Retrieved from: http://edition.cnn.com/2014/09 /11/world/meast/isis-syria-iraq/

Stoltenberg, J. Speech by NATO Secretary General at the Munich Security Conference, Munich, February 2016. Retrieved from: http://www.nato.int/cps/en/natohq /opinions_ 128047.htm.

The World Bank, "Global Economic Prospects. Spillovers Amid Weak Growth," January 2016. Retrieved from: http://www.worldbank.org/content/dam/Worldbank/ GEP/GEP2016a /Global- Economic-Prospects-January-2016-Spillovers-amid-weak-growth.pdf.

UNHCR, "Mid-Year Trends 2015". Retrieved from : http://www.unhcr.org/56701b969-.html.

United Nation Security Council, Resolution 2249, 20 November, 2015. Retrieved from : http://www.securitycouncilreport.org/atf/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8C-D3-CF6E4FF96FF9%7D/s_res_2249.pdf.

Ying, F. Speech by Fu Ying at the 52nd Munich Security Conference, 13 February 2016. Retrieved from:https://www.securityconference.de/en/activities/munich-security-conference/ msc-2016/speeches/speech-by-fu-ying/Speech by Fu Ying.

*Goran ZENDELOVSKI*

# ANALYSIS ON INTERNATIONAL SECURITY POLICY THROUGH THE PRISM OF THE 52ND MUNICH SECURITY CONFERENCES

***Summary***

*Conducted a comprehensive analysis of the Munich Security Conference on which participation in discussions taking high representatives of states and international organizations. As a leadership forum in the international community is trying to offer practical solutions and initiatives for solving the issues in international relations with a special emphasis on security challenges and threats of the 21st century. At the 52nd Munich Security Conference main topics of discussions were about the problems of the crisis in the European security system, the war in Syria, global activities of terrorist groups, refugee crisis and the security implications of global climate change and disease. Also at the security conference were offered various ideas for dealing with the new challenges, risks and threats, as well as assistance for the countries of the crisis regions.*

***Keywords**: MUNICH SECURITY CONFERENCE, INTERNATIONAL ACTORS, CRISIS REGIONS, SECURITY CHALLENGES.*